# КРИВИЧНА ПРИЈАВА ЗА ДВЕ ЛИЦА ОД ГРЧЕЦ ЗА ПОСЕДУВАЊЕ ОРУЖЈЕ

Share
Tweet



СВР Скопје-Единица за насилен криминал, до надлежното ОЈО Скопје, поднесе кривична пријава против З.Љ.(35) и А.Љ.(41) поради постоење основи на сомнение дека сториле кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи“, казниво по член 396 од Кривичниот законик.

Како што соопшти МВР, на 7 декември 2019 во 05.45 часот, кога на повеќе локации во село Грчец, меѓу кои и во домовите на пријавените, се извршени претреси врз основа на судска наредба, полициски службеници не ги затекнале пријавените во своите домови.

Притоа, за време на претресите во село Грчец, полициски службеници, кои го обезбедувале поширокиот периметар, забележале осум лица, од кои еден од нив имал автоматска пушка. Притоа, дел од тие лица влегле во џип „либерти“, по што почнале да бегаат со него, но потоа го оставиле возилото и се дале во бегство. Во оставеното возило биле пронајдени и подигнати автоматска пушка „АК-47“ – Калашников со кал.7.62×39мм, пиштол „Застава М57“ кал.7.62×25 мм и пиштол „Застава М88“ кал.9ммPara. По извршеното вештачење биле утврдени траги од пријавените.

Во соопштението додаваат дека вчера првопријавениот З.Љ. се пријавил во Полициската станица Ѓорче Петров, по што е предаден до надлежното Основно јавно обвинителство за понатамошно постапување, додека за второријавениот А.Љ., е распишан централен распис.

Администратор 27/01/2020 21:17

## ПОВРЗАНИ СТАТИИ



**Полицијата го пронајде крадецот што „оперираше“ низ Охрид (/Home/PostDetails?PostId=325896)**